12-288/1
15-01-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 26-тата седница одржана на 30.12.2025 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2439/1 од 09.09.2025 година, оформен по препратено Известување од страна на Државниот управен инспекторат на РСМ со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за распоредување на административен службеник во ЈП ----------- – Скопје, по Интерен оглас бр.------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Предметот со број 12-2439/1 од 09.09.2025 година година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на Државниот управен инспекторат на РСМ, на ден 09.09.2025 година, до ДКСК доставено е Известување со прилог Записник бр.Ип1.----- од --.--.2025 година, од извршен вонреден инспекциски надзор во ЈП -------- Скопје, а кој се однесува на постапката за распоредување на државен службеник по Интерен оглас бр.--/2025 година, по што е оформен е предмет број 12-2439/1 од 09.09.2025 година.

Имено, Државниот управен инспекторат по добиена пријава од страна на -------, која се однесувала на неправилности во постапката по наведениот интерен оглас, извршил вонреден инспекциски надзор во ЈП ------ Скопје, по што бил составен Записник со број --------- од --.--.2025 година во кој било констатирано следното:

По објавувањето на Интерен оглас со број --/2025 на ден --.--.2025 година за унапредување на 12 административни службеници, била формирана Комисија за селекција со број 02----/5 од --.--.2025 година и по извршената административна селекција бил составен Записник со број -----/8 од --.--.2025 година.
По спроведувањето на постапката била донесена Одлука за неизбор на кандидат за унапредување на работното место Раководител на одделение ---------, за кое работно место кандидат бил подносителот на пријавата – лицето ------, по што била изјавена Жалба, за која Претседателот на Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен донел Заклучок со број -----/2 од --.--.2025 година со кој постапката за одлучување по поднесената жалба ја ставил во мирување.

Во однос на наведената спроведена постапка по Интерен оглас број --/2025 и донесената Одлука за неизбор на кандидат по Интерен оглас бр.--/2025, бр.-----/14-12 од --.--.2025 година Државниот управниот инспекторат не констатирал никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор.

Меѓутоа, при вршењето на инспекцискиот надзор, односно при увид во персоналното досие на вработената Маре Басова, инспекторот утврдил неправилности при претходно спроведената постапка за распоредување на посочената вработена.
Односно било утврдено дека административниот службеник ------ со Решение за стекнување статус на административен службеник и Решение за распоредување на работно место бр.----/315 од --.--.2015 година, се стекнал со статус на административен службеник и бил распореден на работно место Виш соработник за ------ со шифра КДР0102В02038, а подоцна со Решение бр.----/295 од --.--.2017 година, донесено од тогашниот в.д директор на ЈП ------ – Скопје, --------, административниот службеник -------- била распоредена на работно место Помошник директор на Сектор -------, ------- со шифра КДР0102Б01012, без да биде спроведена соодветна постапка со интерен оглас и без да биде обезбедена согласност за финансиски средства.

По извршениот надзор, како што се наведува во Записникот, и утврдената неправилност во претходно работење на субјектот, од страна на инспекторатот е констатирано дека согласно член 98 став 5 алинеа 11 од Законот за административи службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), овој орган нема овластување да презема инспекциски дејствија, односно неможе да цени дали вработениот е унапреден и распореден

спротивно на одредбите од Законот за административни службеници, бидејќи е поминат рокот од една година од донесувањето на решението за распоредување на административниот службеник бр. ----/295 од --.--.2017 година, поради што записникот со утврдена состојба го доставува до ДКСК заради надлежно постапување.

По разгледување на предметната пријава и констатираното од страна на Државниот управен инспекторат, ДКСК утврди дека, имајќи предвид дека од датумот на донесување на спорното решение за распоредување, односно од (30.08.2017 година) поминат е период подолг од три години, односно повеќе од осум години, настапила застареност на постапката, што подразбира истечен рок за преземење на конкретни дејствија за санкционирање на сторителите на евентуални коруптивни дејствувања кои би можеле да се подведат под основи за сомневање за сторено кривично дело.

Врз основа на горенаведеното ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О, советник
Контролирал: м-р К.З, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата